# Програма за е-учење

## Внес на стоката и привремено складирање

### Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

До крајот на овој 90-минутен курс, Вие ќе научите:
- концептот на внесување на стока;
- процесот на пристигнување на стоката;
- што претставува ставање на стока на увид;
- концептот на привремено складирање.

## 2 Последователните чекори при внесување на стока




Различните последователни чекори при внесување на стока во царинска територија на Европската Унија сè до ставање на стоката во царинска постапка со поднесување на царинска декларација или повторен извоз се:
- поднесување на Влезна збирна декларација (ВЗД),
- пристигнување на стоката,
- ставање на увид на стоката,
- ставање настоката во постапка на привремено складирање.

## 3 Влезна збирна декларација (ВЗД)

### 3.1 Поднесување на ВЗД

- **Што**: **електронска ВЗД** мора да биде поднесена од. Таа мора да ги содржи сите податоци за стоката што се неопходни за проценка на ризик на товарот од аспект на цели за безбедност и сигурност. Сепак доколку друга декларација или документација (како декларацијата за привремено складирање, царинската декларација, комерцијален, пристанишен или транспортен документ) ги содржи неопходните податоци за ВЗД, истите можат да бидат прифатени наместо ВЗД.
- **Кој**: ВЗД мора да биде поднесена **од превозникот**.

Иако таа може да биде поднесена и од друго лице во име на превозникот, превозникот останува одговорен за поднесување на ВЗД.

Лицето кое поднесува ВЗД мора да има ЕОРИ број (Економски Оператор Регистрација и Идентификација)

- **Каде**: ВЗД мора да биде поднесена во **царинската испостава на прв внес**.
- **Кога**: рокот за поднесување на ВЗД **зависи од видот на транспортот**.
- **Како**: ВЗД треба да биде поднесена електронски во Увозниот контролен систем (УКС)

## 3.2 Двојно/повеќекратно поднесување, измена, поништување

- **Двојно/повеќекратно поднесување**: по надградба на УКС ќе биде овозможено користењето на двојно/повеќекратно поднесување. Ова значи дека кога превозникот не е во можност да ги поднесе сите податоци во УКС, тој може да ја пренесе одговорноста на лицето кое ги има податоците кои недостасуваат и ќе го објави идентитетот на ова лице во неговиот делумен поднесок во УКС. Ова лице мора да има ЕОРИ број и треба да ги почитува истите рокови како и превозникот.

- **Измена**: ВЗД може да биде изменета по поднесување, освен во случаите:
  - кога царинскиот орган го информирал лицето кое ја поднело ВЗД дека има намера да ја прегледа стоката;
  - царинскиот орган утврдил дека податоците во ВЗД се неточни;
  - стоката веќе е ставена на увид на царинскиот орган.

  Кога е поднесена измена, царинскиот орган врши нова анализа на ризик.

- **Поништување**: кога стоката за која е поднесена ВЗД не е внесена во царинска територија на Унијата, царинскиот орган ќе ја поништи ВЦД **врз основа на барање на декларантот или во рок од 200 дена** од поднесувањето на ВЗД

## 3.3 Улога на царинскиот орган по поднесување на ВЦД

Царинската испостава на прв влез ги проверува податоците во ВЦД. Доколку е потврдена, ВЗД се регистрира во увозен контролен систем (УКС) и лицето кое ја поднело ВЗД се известува за матичен референтен број (МРБ)

Царинската испостава на прв внес врши анализа на ризик за цели на безбедност и сигурност за сета декларирана стока пред пристигнување на стоката. Каде е соодветно, одлучува за активноста која ќе ја преземе.

Сите „позитивни резултати од анализата на ризик“ треба да бидат испратени до сите царински испостави што потенцијално имаат врска со движењето на стоката.

Во случај на пренасочување (од првично декларирана испостава), царинската испостава на прв внес ќе изврши анализа на ризик за декларираната стока. Таа веднаш ќе ја информира актуелната царинска испостава на прв внес за пренасочувањето и ќе ги препрати резултатите од анализата на ризик.

# 4 Пристигнување на стока

По пристигнување на превозното средство, превозникот мора да ја информира царинската испостава на прв внес за пристигнувањето.

Во зависност од царинскиот орган, за ова известување, може да се користи системот во пристаништето или други достапни методи за информирање.

Од моментот кога стоката е внесена на царинска територија на Европската Унија, таа е под царински надзор и царинска контрола. Стоката останува под царински надзор се додека не се определи нејзиниот царински статус.

Странска стока ќе остане под царински надзор се додека не го смени статусот и добие статус на домашна стока, или е повторно извезена или уништена.

# 5 Ставање стока на увид

## 5.1 Ставање стока на увид

Ставање на стока на увид значи царинскиот орган мора да биде информиран дека стоката е пристигната и е достапна за контрола во царинската испостава или назначената локација.

- **Што**: **декларација за привремено складирање** е потребна за странска стока. Сепак, стоката може да се стави на увид со царинска декларација или Доказ за домашни стоки (ДДС).
- **Кој**: стоката мора да биде ставена на **увид од лицето кое ја внесува** во царинска територија на Европската Унија, **лицето за кое е внесена стоката во** царинско подрачје на Европската Унија или **лицето кое ја превзема за превоз стоката по** внесување во царинска територија на Европската Унија.
  Сепак, стоката може да биде ставена на увид одлицето кое веднаш ја става стоката во царинска постапка или имател на одобрение за работа со просторија за сместување или било кое лице кое извршува активности во слободна зона.
- **Каде**: стоката ќе биде ставенана увид во **царинската испостава, друга локација определена**
  или одобрена од царинскиот орган или **слободна зона**.
- **Кога**: Стоката се става на увид **без одложување по нејзиното пристигнување**.
- **Како**: Известување за ставање на увид вообичаено се испраќа преку **електронска порака во УКС**. Царинскиот орган може исто така да прифати употреба на системите на пристаниште.

## 5.2 Улога на царината за време на ставање на стоката на увид

Ако е идентификуван ризик, царинскиот орган ќе ги превземе потребните мерки, вклучувајќи и запленување, продажба или уништување на стоката. Имателот на стоката ќе биде информиран соодветно и ќе ги сноси трошоците за уништување доколку постојат.

Ако стоката е напуштена, запленета или конфискувана, ќе се смета дека е ставена во постапка на царинско складирање.

# 6 Привремено складирање

Сета странска стока ќе биде привремено сместена од моментот кога ќе биде ставена на увид на царинскиот орган до моментот кога се стави во царинска постапка или повторно извезе.

## 6.1 Ставање на стока под привремено складирање

- **Што**: **царинската декларација за привремено складирање** треба да ги содржи сите податоци поврзани со стоката. Сепак, царинскиот орган може да го прифати ГРБ од дополнет со податоци од ВЗД дополнети со податоци од Декларација за привремено складирање, манифест што ги содржи податоците или од царинската декларација.
- **Кој**: ДПС треба да биде пополнета од **истото лице кое ја става стоката на увид**.
- **Каде**: стоката може да биде сместена само во **одобрено место за привремено складирање** или **место определено** од царинскиот орган.
- **Кога**: декларацијата за привремено складирање мора да биде поднесена најдоцна **до ставање на стоката на увид на** царинскиот орган.
- **Времетраење**: Стоката се раздолжува од привремено складирање во рок од **најмногу 90 дена**.

- **Измена**: На декларантот му е дозволено да менува еден или повеќе податоци во декларацијата за привремено складирање по нејзиното поднесување. Сепак, измената на декларација нема да се однесува на друга стока од онаа која била првично опфатена.
- **Поништување**: Ако стоката за која е поднесена декларација за привремено складирање не е ставена на увид, царинскиот орган ќе ја поништи декларацијата по пријава **од страна на декларантот или во рок од 30 дена** по поднесувањето на декларацијата.
- **Несовпаѓање**: кога постои несовпаѓање меѓу стоката која е декларирана и што е ставено на увид на царинскиот орган, ќе настане царински долг поради неусогласеност на сопственикот на стоката и имателот на одобрение за сместување.

## 6.2 Улога на царинскиот орган при привремено складирање.

Стоката во привремено складирање ќе биде под надзор и царинскиот орган може да врши царински контроли на стоката. Главната цел на контролите е да обезбедат стоката која е сместена да биде во непроменета состојба.

## 6.3 Гаранции за стока која е ставена во привремено складирање

Царинската испостава е должна да бара гаранции за стока која е привремено сместена.

Операторот може да избере помеѓу една од следните видови на гаранција:

- готовински депозит,
- обврска дадена од жирант,
- друга форма на гаранција што обезбедува еквивалентен износ.

## 6.4 Движење на стока која е привремено сместена

Движењето на стока која е привремено сместена од едно место на друго може да биде одобрено од царинскиот орган под услов таквото движење да не го зголемува ризикот од измама и се исполнети следните услови:

- таквото движење е во надлежност на ист царински орган,
- имателите на одобрение за привремено складирање кои се засегнати со движењето сите се ОЕОЦ.

Се додека стоката не е примена во последователна просторија за привремено складирање, имателот на одобрение на претходната просторија за привремено складирање е одговорен за движење на стоката.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*